UDK 75.052"14/19"(497.7):316
Прегледна научна статија

# СОЦИОЛОШКИТЕ АСПЕКТИ НА ЕСХАТОЛОШКИТЕ ТЕМИ ВО МАКЕДОНСКОТО ФРЕСКОСЛИКАРСТВО ОД 15 ДО 20 ВЕК

Душка Матевска[1]

Факултет за Јавна администрација и политички науки
Универзитет на Југоисточна Европа – Тетово

## АПСТРАКТ

Оваа статија е обид да се направи социолошка анализа на темите со есхатолошко значење во македонскиот фрескоживопис, односно нивната општествено-политичка условеност и функциите на овие теми во еден определен општествено и историски детерминиран контекст. Всушност, уметничкото дело не е само оптичка или акустична, организирана формална творба, туку воедно е израз на погледите на свет условени од општеството. Според христијанските мислители, сликата ја извршува најважната гносеолошка функција. Сметале дека човекот со својата природа не е во состојба да се издигне на ниво на духовна рецепција без било какво посредство. За време на отоманската доминација со територијата на денешна Македонија, особено интересна е појавата на социјалните мотиви во македонското фрескосликарство. Нивното вметнување, најлесно и

[1] Доц. Д-р Душка Матевска,e-mail: d.matevska@seeu.edu.mk

најприфатливо за конзервативната средина било во склоп на темите со есхатолошко значење. Тенденцијата на сликарите по налог на Црквата и ктиторите била сосема јасна: да се претстават сите негативни општествени појави, актуелни за тој период, но и врзани за одредена територија, што во крајна инстанца требало да изврши влијание врз верниците за намалување на девијантноста. Ова пред сè се однесува на убедените верници, односно оние верници кои ги прифаќаат без резерва сите догми кои ги афирмира православната христијанска религија. Еден од заклучоците кој можеме да го изведеме од ова истражување е дека сакралното сликарство го нема оној ефект и она влијание кое го имало во минатото. Ова се должи на фактот што денес пораките се добиваат во голема мера преку масмедиумите што претставува радикална промена во обликот на комуникацијата. Пишуваниот збор (книгата) и сликата (уметничките дела од областа на сликарството) сè повеќе се истиснуваат од животот на поединците како резултат на експанзијата на масмедиумите. И покрај тоа, сакралното сликарство сè уште има одредено влијание во руралните средини каде што масмедиумите не навлегле со таков интензитет.

*Клучни зборови:* есхатологија, фрескоживопис, морални норми

## Гносеолошката и дидактичката функција на темите со есхатолошко значење во македонскиот фрескоживопис

Една од основните функции што ја има религијата од почетокот на својата егзистенција, па до денешни дни, е психолошкото надминување на смртта. Свеста за смртта и конечноста на животот е присутна уште за време на палеолитот, кога првобитниот човек, обидувајќи се да ги надвладее емоциите кои неминовно ја пратат свеста за смртта, ја пласира идејата за бесмртноста на душата. За првобитниот човек, смртта не е ништо друго туку одвојување на душата од телото. Телото умира и се распаѓа, а душата е бесмртна, со смртта таа само се сели од еден до друг свет (Elijade, 9-52 ).

На своето сознание за смртта, примитивниот човек одговорил со концепцијата за бесмртност. Идејата за бесмртноста која ја наоѓаме во примитивните општества, останува карактеристика и за антиката, периодот на средниот век, а е присутна и во сите современи општества. Есхатологијата како дел од христијанската догматика преку задгробниот живот им дава последна надеж и утеха на верниците за краткиот, непроживеан или тежок живот на земјата. Идејата за Божјото царство всушност го означува крајот на овој објективен свет и настанување друг, преобразен свет. Крајната дестинација на човечката душа, според есхатолошката литература е Страшниот суд или Последниот суд, каде се одредува нејзинито место во вечниот живот: вечно блаженство за праведниците и вечни маки за грешниците.

Овие теолошки концепции се рефлектираат во фрескосликарството преку темите со есхатолошка содржина од кои најмаркантна, најимпресивна и најзастапена од тој вид во македонското фрескосликарство е композицијата „Второ Христово пришествие" или „Страшниот суд". Особено силно е визуелното дејство на пеколот – огнената река која е олицетворение на моќната сила на одмаздата, царството на темните сили, каде што се подложени на мачење сите оние кои не живееле според каноните на христијанската религија и не ги почитувале моралните норми. Особено интересен е фактот што во таа плејада претставени грешници и нивните страдања во комозицијата „Страшен суд" многу мал простор им е посветен на престапници чијшто грев е од религиозен карактер, а изобилува со сижеа од разни девијантни општествени појави.

Станува збор за ликовна тематика во чија основа се општествените импулси што ги генерира времето, а кои делумно се инспирирани и од апокрифните текстови. Со разбивање на канонизираната религиозна тематика и со внесување на битови елементи во сакралното сликарство, сложените теолошки содржини стануваат подостапни и поразбирливи за пошироката христијанска популација. Понекогаш изразните средства во ликовното обликување на темите со есхатолошко значење се упростени за да се постигне поголемо визуелно влијание, запомнување, размислување.

Христијанската православна црква давала отпор на новите тенденции во сликарството на западноевропската ликовна уметност ставајќи го етичкото доживување над естетското. Според Црквата, смислата на религиозното сликарство е да ја покаже духовната убавина на внатрешниот свет, а не надворешната убавина на визуелните облици. Кога Бог се отелотворува во некој визуелен облик постои опасност од идолатрија; да се обожува надворешниот облик а да се заборави за внатрешната содржина. Во врска со тоа Умберто Еко истакнува: „Верникот повеќе се восхитува на убавото отколку што го почитува светото“ (Eko, 1992).

Под наметката за зачувување на православието, уметноста во Македонија од 15 век па сè до втората половина на 19 век е во нераскинлива врска со континуираниот тек на византиската и поствизантиската уметност. Оттука, уметноста во Р. Македонија не ги поминува развојните фази на големите стилски епохи, карактеристични за западноевропската уметност.

Огромната моќ на религиозното сликарство во однос на пишуваниот збор ја откриле и за неа расправале голем број византиски мислители. Голем број од нив сметале дека сликата ја извршува најважната гносеолошка функција. Според нив човекот со својата природа не е во состојба да се издигне на ниво на духовна рецепција без било какво посредство. Како посредник помеѓу сетилното и духовното се јавуваат „сетилно прифатливите слики“ т.е. симболите.

Приоритетот на живописот и неговото дидактичко значење е истакнато и на VII Васеленски сабор одржан во Никеја, 787 година. „Ако книгите се достапни на многу мал број, а читањето не може да се слушне постојано во храмот, тогаш сликите и наутро и навечер и напладне можат да зборуваат и раскажуваат за вистинските теолошки случувања“ (Бичков, 1991). Соборските отци ги нарекувале „сетилни симболи“ и религиозните книжевни текстови и религиозното сликарство. Она што се осознава на овој или на оној начин, помеѓу себе нема никакви противречности, заемно се објаснува и заслужува еднакво почитување.

## Историска ретроспектива за односот на политиката и религијата за време на отоманската доминација во Македонија

Во овој труд, главен акцент се става на сакралното сликарство што ја обработува есхатолошката проблематика во еден особено турболентен период, - период на отоманска доминација на територијата на денешна Р. Македонија.

Есхатологијата претставува носач на етичко-дидактичкиот дел во христијанската теолошка мисла, насочувајќи ги своите верници кон едно посовршено и поморално поведение. Во тој контекст, ранохристијанската црква била целосно свртена кон есхатологијата обидувајќи се преку верата, надежта и љубовта да влијае врз своите верници за еден етички посовршен свет. Нејзината посветеност исклучиво на едукација на својата паства се прекинува со Миланскиот едикт кога доаѓа до здружување на верското и политичкото. Оваа врска помеѓу светото и световно довело до губење на есхатолошката сила која црквата ја имала во претходниот период, претварајќи ја во идеолошка. Со официјализирањето на христијанството како државна религија во Римската Империја, црквата сè повеќе почнала да ги занемарува своите свети должности, свртувајќи се кон световните. Но во периодите на латентна или отворена колизија помеѓу црквата и државата, црквата се јавува како цврста и единствена заедница чија основна цел ѝ е спасот на сопствената паства.

Историски гледано, на територија на денешна Р. Македонија, црквата и власта не биле во меѓусебна корелација во периодот на отоманската управа. Во тој период, црквата се свртува целосно кон својата есхатолошка природа, навидум незаинтересирана за световните активности. Но, во одредени моменти, потолерантната политика на отоманската власт кон црквата и кон христијанството воопшто, водело кон заборавање на светото и свртување кон световното.

Со назначувањето на архиепископот Лав (по народност Грк) во 1037 г. започнува ерата на грчкаата ерархија во Македонија, која го наметнала грчкиот јазик во боголсужбата и комуникацијата на ниво на цела Охридска

архиепископија. Оваа практика, со ретки исклучоци (познати се двајца архиепископи од словенско потекло Доротеј, 1464 и Прохор, 1524-1537) продолжува сè до последната четвртина на 19 век, кога на историска сцена се појавува новообновената Бугарска црква (Егзархијата).

Заплашени од мохамеданската стихија, високото свештенство се обидувало што повеќе да се доближи до својата паства. За да ја одржат оваа тесна врска со народот, охридските архиепископи, правеле обиколки во својата диецеза, кои имале за цел подучување и подигање на духовниот живот на клерот и народот. Архиепископот со високите епископи постојано потенцирал дека главна нитка што ги поврзува со народот е христијанската православна вера т.е. религиозноста.

За оваа посветеност на црквата кон зачувување на христијанската вера, односно нејзиното целосно свртување кон својата есхатолошка природа, освен историските податоци, релевантни индикатори се и релативно големиот број примероци на композицијата „Страшен суд" во македонските сакрални објекти од 15, 16 и првата половина на 17 век.

Но веќе во втората половина на 17 век зајакнало грчкото влијание во Македонија и дошло до значајно нарушување на комуникацијата помеѓу високиот клер и паствата. Ова пред сè се должи на реформите кои се направани во рамките на Отоманското Царство кои ги намалиле верските тензии и довеле до промена на статусот на христијанското население. Кон крајот на 17 и почетокот на 18 век, реформите во областа на економијата што ги спровела отоманската управа позитивно се одразиле и на финансиската состојба на Охридската архиепископија. Релативно добрата финансиска состојба и приближувањето до државната власт придонеле до поголема сигурност кај високиот клер кој полека почнал да се оддалечува од својата паства и да се свртува кон световните ангажмани. Овој тренд продолжува и по потпаѓањето на Охридската архиепископија под јурисдикција на Цариградската патријаршија (1767). Укинувањето на Охридската архиепископија не бил црковен, туку политички акт, донесен од муслиманската власт под иницијатива на патријархот Самоил Хенџери. Во овој период елинизаторската политика на Цариградската патријаршија

добила нагласен акцент. Уште при пристигнувањето на митрополитите во своите епархии тие ја забраниле словенската богослужба. Нивната основна цел не било ширење на христијанската догма, туку ширење на грчкиот јазик и култура, но и искористување на својата моќ за брзо богатење, зголемувајќи ги давачките за христијанските обреди што ги вршело свештенството.

До повторна сплотеност на црквата со својата паства и свртување кон есхатологијата како носечки сегмент од христијанската догма дошло во 30-тите години на 19 век со развојот на црковно-училишните општини, предводени од македонско (словенско) население. Навлегувањето на словенскиот елемент во црковните општини и јакнењето на националната свест, довело до отворени судири со Цариградската патријаршија, отцепување од Патријаршијата и нивно функционирање како самостојни црковни организации (Трајаноски, 1988). Една од основните цели на црковно-училишните општини била целосна еманципација од Патријаршијата и грцизмот и воведување на црковнословенски јазик во богослужбата и македонски народен говор во училиштата и проповедта. Но, размислувањето на македонското граѓанство и интелигенција одело до таму, да се отфрли јурисдикцијата на Цариградската патријаршија и создавање на своја независна црква, односно обновување на автокефалноста на Охридската архиепископија.

## Есхатолошките теми како еден од најзначајните фактори за зачувување на православното христијанство во Македонија

Од овој период на територијата на денешна Р. Македонија се сочувани над 50 примероци на фрескоживопис со есхатолошка содржина. Оваа експанзија на есхатолошките теми не е условена само од реформаторските акти (Ѓулханскиот хатишериф и Хатхумајунот) и зголемувањето на финансиската моќ на одредени трговци и занаетчии од редот на македонската популација, бидејќи за декорирање на црквите, кои во најголем број потекнуваат од 19 век, можело да се употреби и друга

тематика. Зголемената фреквентност на темите со есхатолошко значење ја објаснуваме со фактот што црковно-училишните општини не само што не биле со власта туку давале отпор кон неа, па затоа спасот на својата паства ѝ било приоритетна задача. Затоа, основните цели на црковно-училишните општини, кои веќе еманципирани од влијанието на Патријаршијата функционирале како самостојни организации, неоптоварени од политички интереси, била теолошката едукација на сопствената паства и враќање кон својата есхатолошка природа. Од ова можеме да донесеме заклучок дека: сè додека хритијанската религија била во подредена положба во однос на исламската, црквата се враќала кон својата есхатолошка природа (како во ранохристијанскиот период), но во периодите кога добивала извесни бенефиции од отоманската управа, кои на некој начин ја поврзувале со власта, црквата го напуштала светото и есхатологијата и целосно се свртувала кон световните интереси заборавајќи на својата основна функција.

Приоритетна задача на новоформираните црковно-училишни општини била целосна елиминација на грчкиот јазик од богослужбата (кој бил неразбирлив за македонската популација) и воведување на народниот македонски јазик во проповедта и црковнословенскиот јазик во литургијата. Особено внимание се посветувало на теолошката едукација, но и издигнување на моралните вредности на христијанското население преку фрескоживописот. Поради фактот што најголемиот дел од македонската популација бил без елементарно образование (бидејќи немале можност да се едуцираат на својот мајчин јазик), најприфатлив начин за теолошка наобразба била сликата, која голем број теолози ја нарекуваат и Библија за необразованите. Поради зголемениот број нарачки не се водело многу сметка за квалитетот на зографот, формата била занемарувана за сметка на содржината. Со посебно внимание бил исликуван дидактичкиот дел од композицијата каде што се зголемувал бројот на индивидуалните и колективните страдања. Индивидуалните страдања биле претставувани со посебна експликативност. Претставувајќи ги разните типови грешници поставени во различни неприродни пози, врзани со дебели синџири, како ги трпат маките, зографите ја покажувале на одреден начин и својата

имагинација. Во текот на 19 век освен натписите над секој од грешниците, се испишувани и објаснувања на секој сегмент од оваа сложена композиција. За да ја доближат на некој начин оваа сложена содржина до верниците, да покажат дека ова не се случува некаде во некој надреален свет, туку дека може да им се случи и денес на сите оние кои не ги почитуваат моралните норми и заповеди, зографите вметнувале лица од секојдневниот живот, облечени во современа облека.

Дека основната цел на сликањето на темите со есхатолошко значење во отоманскиот период било градењето на моралните норми на христијанските верници преку визуелните пораки што ги прима од нив, зборува и местото на кое била поставувана композицијата „Страшен суд", но и нејзините монументални димензии. За оваа композиција бил резервиран цел еден ѕид од црквата, а на останатите ѕидови биле илустрирани голем број библиски (старозаветни и новозаветни) сцени. Вообичаено била поставувана на место кое било највоочливо, или на спротивниот ѕид од влезот (кога ќе влезат верниците да биде првото нешто што ќе го видат во храмот), или околу главниот влез од внатрешната страна, за да биде последното нешто што ќе го перцепираат при излегувањето и ќе им остане во сеќавање подолго време.

Иако во христијанската религија главен акцент е ставен на љубовта, сепак, најголемо влијание врз моралното поведение на верниците имала вербата во задгробниот живот и вербата во заслужената награда или казна, односно стравот од страшниот суд кога сите ќе бидат повикани да одговараат за постапките во својот живот. Проблемот на блаженството на праведните и тешките казни за грешниците во оваа композиција во македонското фрескосликарство се изразени со полна сила. Етичкиот принцип овде добива јасна илустрација, а основната идеја била да се изврши духовен притисок на верникот да го следи вистинскиот пат за да ја добие заслужената награда.

Проучувајќи ги грешниците во делот со пеколот од композицијата „Страшен суд" од почетокот на развојот на оваа тема, од почетокот на 15 век, па до крајот на 19 век, можеме да констатираме една еволуција која во сликарството ги рефлектира сите современи текови од социјален и

политички аспект. Новите текови кои сликарите ги внесувале во канонизираната шема укажуваат на една тенденција за замена на нематеријалното со претставите од реалниот живот, односно замена на апстрактно-догматското со конкретното.

Сложената политичка ситуација, искомплицирана со процесот на исламизација во првите два века од отоманската доминација во Македонија нашла свој одраз во претставувањето на групите грешници со јасни национални и етнички карактеристики, вметнати во групата Евреи кои ги предводи Мојсеј. Иако оваа група не е сигнирана во нашите композиции на „Страшниот суд", според облеката и фесовите на главите на верниците може да се заклучи дека се работи за припадници на турскиот етнос. Оваа појава на национални и етнички групи во руските и молдавските споменици е често присутна во текот на 16 век. Во групата на Евреите, предводени од Мојсеј во руските и молдавските споменици, освен Турци биле сликани и други групи со јасно издиференцирани национални и етнички обележја, сигнирани како Татари, Ерменци и Арабјани. Гаридис го истакнува фактот дека во земјите кои биле под отоманска доминација, поради страв од негативни консеквенци не биле преставувани Турци во делот од пеколот (Garidis, 1985: 91-95).

Според Цветан Грозданов, претставувањето на Турци во руските и молдавските споменици од 16 век (Хумор, Вронец, Суцевица) има тесна корелација со современата воена конфронтација на овие земји со Отоманската Империја. Понатаму, овој наш истакнат познавач на византиската и поствизантиската уметност, констатира дека врските на Охридската архиепископија со молдавските земји биле мошне блиски во тој период, а особено во времето кога на чело на Охридската архиепископија бил архиепископот Прохор (1525-1550), (Грозданов, 1997:52).

Овде мораме да го истакнеме фактот дека освен на територија на Македонија, во црквите Света Богородица Перивлептос во Охрид и црквата Свети Архангели во Кучевиште не се регистрирани такви претстави во спомениците на поствизантиската уметност во Бугарија, Грција и Србија.

Претставата на групата Евреи се вообичаен декор на композицијата „Страшен суд" во уметноста на доцновизантискиот период. Пред нив секогаш

се претставува Мојсеј кој укажува на триумфалното Второ Христово доаѓање и на судот што ги очекува. Појавата на Турците ја разбиваа хомогеноста на оваа група во 16 век и првата половина на 17 век. Овој феномен досега беше разгледуван и објаснуван со фактот дека и двете групи се претставници на друга конфесија која не ја прифатила Христовата вера и се ставени под заеднички именител-иноверни. Но, овде мора да истакнеме дека овој феномен имал подлабок и повеќедимензионален општествен контекст. Откривањето на овие две претстави во македонското фрескосликарство ја побива констатацијата на Гаридис дека зографите кои твореле во земјите под турска доминација немале храброст да ги постават Турците во пеколот, плашејќи се од можни репресалии. Оваа појава можеме да ја објасниме со негативниот став на црквата кон отоманските Турци како потиснувачки фактор, но претставувањето на Турците во делот од пеколот можеме да го поврземе и со процесот на исламизација во Македонија, сфатен како второ симболично распнување на Христос.

Всушност, исламизацијата претставувала директен атак врз православното христијанство, а со поставувањето на Турците во пеколот, црквата се обидувала да го запре процесот на исламизација кој во втората половина на 16 и почетокот на 17 век особено се засилил. Според историските податоци во втората половина на 16 век, една четвртина до една третина од муслиманското население во градовите било конвертити (Соколовски, 1975: 75-89). Познато е дека исламизираните Македонци морале да носат фес кога се наоѓаат надвор од својот дом, а бидејќи религијата била поистоветувана со нацијата, односно меѓу населението кое живеело на територија на денешна Р. Македонија луѓето се делеле на Словени и Турци, оние кои го примиле исламот биле и именувани како Турци.

Масовното прифаќање на исламот не бил поврзан со една насилна и системски организирана исламизација од страна на турската управа. Прифаќањето на исламот од страна на хритијанското население во најголем број случаи било доброволно. Единствено, како индиректен притисок може

да се смета економскиот притисок врз христијанското население од аспект на повисоки даноци и обврски кон државата (Ѓорѓиев, 2004).

Во една таква заплеткана општествено-политичка ситуација, црквата не можела да остане рамнодушна и морала да реагира со одредена порака упатена кон христијанската популација. Всушност, преку ликовите на Турците претставени во делот од пеколот најверојатно биле претставени конвертитите кои за своето откажување од Христос на Страшниот суд ќе мора да дадат одговор. Во прилог на ова размислување оди и фактот што црквата немала интерес да влијае врз припадниците на исламската вера за промена на својата конфесија, впрочем, муслиманите и не ги посетувале христијанските храмови. Нарушувањето на канонската концепција и вметнувањето на Турците во групата со Евреите можеме да го поврземе исклучиво со актуелната општествено-политичка ситуација и големиот интерес на црквата за зачувување на православното христијанство и покрај сите политички и економски притисоци од страна на отоманската управа.

И во текот на 19 век во фризот во кој се претставени индивидуалните маки и страдања, акцент е ставен на христијаните кои ја промениле конфесијата и преминале во ислам (сигирани како оние кои се потурчуваат), но и на оние кои соработувале со Турците (сигнирани како оние кои го предаваат братот на Турци).

Преку презентираните податоци кои недвосмислено ги рефлектираат политичките прилики во темите со есхатолошка содржина, се гледа постојаната заложба на црквата преку пораките од нивната визуелизација да влијае врз свеста на христијанската популација за зачувување на православието. Во 19 век, паралелно со јакнењето на националната свест кај македонскиот народ, црковно-училишните општини и ктиторите се обиделе да ги детектираат и актуелизираат сите негативни појави поврзани со Османлиите, како што се соработка со нив, клеветата и предавството, но и сè уште ненадминатиот проблем со исламизацијата. На тој начин, преку темите со есхатолошко значење, искажувајќи го негативниот став кон конвертите, но и кон оние кои соработуваат со Османлиите, се изразува една тенденција за одржување на христијанското население во една цврста, компактна целина,

бидејќи само на тој начин било можно ослободувањето од отоманската доминација.

## Улогата на есхатолошките теми во градењето на моралните норми кај христијанското население

Голем број девијантни појави, просторно и временски детерминирани, нашле свое место во рамките на темите со есхатолошко значење. Црквата преку честото претставување на овие општествени негативности се обидувала да влијае врз свеста на верниците за нивно надминување.

Во услови кога христијанското население не било политички организирано, немало сопствена држава, свое судство и законодавство, примарна улога играла црквата како клучен облик на организација на верскиот живот, со нејзините норми кои ги регулирале правата и обврските на своите верници во облик на свето законодавство. Во тој контекст, можеме да кажеме дека и црквата располагала со средства за принуда, но за разлика од државата која имала право да примени сила или да се закани со сила или казна за кршење на законот, црквата можела да се закани со Страшниот суд, без примена на сила, за секој оној кој ги кршел христијанските етички начела.

Ова, црквата во отоманскиот период вешто го користела, претставувајќи ги сите општествено негативни појави кои биле карактеристични за одреден временски период и одредена територија, а со самиот чин на издигнување на сите општествени недостатоци на ниво на грев се вршело силен притисок врз свеста на верниците. Особено внимание привлекува фактот што од целата таа плејада претставени грешници и нивните маки, многу мал простор е посветен на престапите од религиозен карактер.

Во композицијата „Страшен суд" со особено внимание зографите го сликале делот со пеколот, колективните страдања, но и индивидуалните маки. Во 19 век, делот на претставите на индивидуалните маки се проширува во зависност од барањата на црковно-училишните општини и ктиторите.

Почнале да се претставуваат страдањата во пеколот на поголем број престапници од општествениот живот, сите оние негативни појави со кои се судрувала современата селска и градска заедница, одоносно средината во која биле тие претставувани. Во прилог на оваа констатација оди и фактот што зографите кои твореле во овој период, а чиј сликарски ракопис се забележува во повеќе сакрални објекти во Р. Македонија, при исликувањето на индивидуалните страдања во композицијата „Страшен суд", во различни цркви се користеле со различни мотиви, а и бројот на претставените индивидуални маки бил различен. Оваа квалитативна и квантитативна дискрепанца може да се објасни единствено со барањата на налогодавачот одредени проблеми со кои се судрувала средината во која е живописан храмот да најдат свое место по ѕидовите на црквите во рамките на есхатолошките теми како еден вид закана за верниците. Фантазијата која ја употребиле зографите во исликувањето на разните страдања во пеколот предвидени за различни престапи не можела да ги остави рамнодушни верниците.

Претставувањето на девијантните појави, карактеристични за општествениот живот и духот на времето во кое се насликани, во темите со есхатолошко значење, во голема мера е поврзано со туѓинското владеење во Македонија и неприфаќањето на отоманската правна и судска регулатива која во голема мера била заснована на шеријатот и хадисот. Ако на тоа се надоврзе и фамозниот турски „рушвет" (мито) кој станал масовна појава кај отоманскиот чиновнички апарат, можеме да заклучиме дека законот и правдата биле секогаш на страната на оние кои можеле да платат. Како резултат на тоа, државниот апарат од фактор на ред и законитост се трансформирал во столб и носител на верска, национална и политичка дискриминација на народните маси, особено кон христијанскиот дел од населението во Р. Македонија, (Пандевски, 1979: 24-25).

Затоа, христијанското население својата заштита ја барало во рамките на црквата. Во 19 век, црковно-училишните општини се занимавале со решавање на некои судски дела од областа на граѓанското и кривичното право. За судските дела немало посебен судски институт, а улогата на судии

ја имале членовите на општинската управа. Општините пред сè, се занимавале со дела од трговски карактер или со решавање на спорови поврзани со имотните односи. Но, тие суделе и за ситни кривични дела: кражби, проневери, злоупотреби. Крупните деликти и понатаму останале под ингеренција на турските судови каде што казните биле поостри, а судските трошоци огромни, (Лапе, 1956).

Бидејќи црковно-училишните општини не располагале со монопол над средствата за принуда, тие за таа намена го користеле Страшниот суд и од тука нивното инсистирање сите негативни општествени појави да бидат претставени во рамките на есхатолошките теми со посебен акцент на страдањата и маките на грешниците кои не ги почитувале моралните кодекси и вредности на христијанската заедница.

Литература

Бичков, В. (1991) *Византиска естетика (теориски проблеми),* Просвета, Београд.

Garidis, M.K. (1985) *Etudes sur le Jugement dernier post-byzantion du XV a la fin XIX siecle,* ΣΤΑΙΡΕΙΑ ΜΑΚΕΔΟΝΙΚΩΝ ΣΠΟΥΔΩΝ ΣΠΙΣΤΗΜΟΝΙΚΑΙ ΠΡΑΓΜΑΤΕΙΑΙ - ΣΕΙΡΑ ΦΙΛΟΛΟΓΙΚΗ ΚΑΙ ΘΕΟΛΟΓΙΚΗ, ΑΡ.16, ΘΕΣΣΑΛΟΝΙΚΗ

Грозданов, Ц. (1997) Страшниот суд во црквата Свети Климент (Богородица Перивлептос) во Охрид во светлината на тематските иновации на XVI век. во: *Културно наследство XXII-XXIII,* Републички завод за заштита на спомениците на културата, Скопје.

Ѓорѓиев, Д. (2004) Исламизацијата во македонско-албанскиот граничен појас во XV и XVI век, во: *Историја бр. 1-2,* Филозофски факултет, Скопје.

Elijade, M. (1991) *Istorija verovanja i religiskih ideja I,* Prosveta, Beograd.

Eko, U. (1992) *Umetnost i lepo u estetici srednjeg veka,* Svetovi, Novi Sad.

Лапе, Љ. (1956) *Протоколи од заседанијата на Прилепската општина (1872-1886),* Институт за национална историја, Скопје.

Пандевски, М. (1979) *Македонското ослободително дело во XIX и XX век (појави, релации, ликови), Том V,* Мисла, Скопје.

Соколовски, М. (1975) Исламизација у XV и XVI веку, во: *Историски Часопис XIII,* САНУ, Београд.

Трајаноски, А. (1988) *Црковно-училишните општини во Македонија,* ИНИ, Скопје

Review Article

# SOCIOLOGICAL ASPECTS OF ESCHATOLOGICAL ISSUES IN MACEDONIAN FRESCO PAINTING IN THE PERIOD FROM 15$^{TH}$ TO 20$^{TH}$ CENTURY

Duska Matevska

South East European University
Faculty of Public Administration and Political Science

## ABSTRACT

This paper is an attempt to do sociological analyses on the issues of eschatological significance within Macedonian Fresco Painting, i.e. their social-political conditionality and the functionality of these issues in a defined socially determined context. In fact, sacral painting is not just an optically organized formal creation, but also an expression of the attitudes towards the world, which depend on the society. Christian philosophers considered that the picture performs the most important gnoseological function and also that the human being with his nature is not in position to lift himself on the level of spiritual reception without certain mediation. In their creation they remarkably express the didactic significance of the fresco painting. From the period of Ottoman domination on the territory of the Republic of Macedonia, the appearance of social motives in the Macedonian fresco painting is particularly interesting. Their inserting was easiest and most acceptable for the conservative environment within the issues of eschatological significance, Painter's trend, appointed by the Church and its establishers and protectors was completely clear: to present all negative social appearances that were popular in that period, but also related to certain territory, what finally had to influence the believers in order to decrease

deviation. This mainly refers to the convinced believers who implicitly accept all dogmas that affirm Orthodox Christian religion. A conclusion that can derive from the elaborated issue is that sacral painting did not have the effect and influence that it used to have in the past. This is due to the fact that today the messages are mainly communicated through the mass media, which is radical change of the communication form. The creations that belong to the sphere of painting are more and more displaced from individuals' lives, as a result of mass media expansion. Besides, sacral painting still has its influence in the rural environments, where mass media do not have so a great intensity

*Key words:* eschatology; fresco painting; moral norms